## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ИНСТРУМЕНТ ФЛЕЈТА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-91/5 од 20 јули 2014 година донесена на 7. седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 2 јули 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна уметничка област – инструмент флејта на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 25 јуни 2014 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатката Златка Митева, доцент на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Златка Митева** е родена на 14 јули 1980 година. По завршувањето на нижото училиште во Кочани го продолжува своето образование во средното музичко училиште во Штип и завршува во учебната 1999/2000 година. Златка Митева ги започнува своите студии на Националната музичка академија „Панчо Владигеров", Инструментален факултет – Оддел флејта, во Софија, Р. Бугарија, во класата на проф. Лидија Ошавкова, каде што дипломира во 2003 година со просек 9,20. Таа го продолжува своето образование на истата академија во 2004 година, со запишување на втор циклус студии за да магистрира во 2005 година, исто така, на Инструментален факултет – оддел Флејта и магистрира со просек 9,89.

Својот музички профил Златка Митева го усовршува на многубројни семинари и мајсторски класови кај еминентни флејтисти, како Патрик Гала, Жерард Бургоњ, Андраш Адорјан, Марина Новак, Филип Бернолд и др. Носителка е на неколклу музички награди меѓу кои се издвојуваат: прва и втора награда на државните музички натпревари во Македонија во 1993 и 1997 година, втора и трета награда на државниот музички натпревар во Македонија по камерна музика во 1997 година, Лауреат на меѓународниот натпревар „Петар Коњович" во Белград во 1998 година и добитник на специјална награда по камерна музика на меѓународниот натпревар „Земјата и луѓето" во Софија, Бугарија, во 2002 година.

Златка Митева има бројни настапи на музички фестивали во земјава и во странство како: концерт со Македонската филхармонија во Скопје во 1998 година, концерт со Академскиот симфоничен оркестар во Софија, Бугарија, во 2002 година, концертен настап на „Мајски денови" во Русе, Бугарија, солист на фестивалот „Бахови вечери" во Софија, концерти на Штипско културно лето, Интерфест - Битола, концерти со квартет „Flautissimo" на музичкиот фестивал „Аполонија" и Европскиот музички фестивал во Софија и во Варна, концерт со дуо Митева – Трајкова во Софија, Бугарија, и Штипско лето, учество на 9-ти флејтов фестивал во Загорје об Сави, Словенија, Учество на 15-та флејтова конвенција „Flautissimo" во Рим, Италија, концерти со „Трио академико" во црквата „Св. Софија" во Охрид, на Штипско културно лето, Скопско лето, концерти во Куманово, Велес, Кочани, Струмица и во Битола.

Како наставник, Златка Митева освојува повеќе награди со своите ученици и студенти како: две втори награди на шестиот меѓународен натпревар „Даворин Дјенко" во Белград во март 2009 година, специјална награда на 18-тиот интернационален натпревар „Земјата

и луѓето“ во Софија во април 2010 година, две први и две втори награди на 47-от Државен натпревар во Скопје во април 2009 година. Во април 2009 година, Митева е член на жири-комисија на Државниот натпревар на Србија одржан во Белград, Р. Србија.

Златка Митева во 2006 година се вработува како наставник по флејта во Основното музичко училиште „Р. Јурков“ во Кочани.

Од октомври 2006 година до септември 2009 година е ангажирана како хонорарен стручен соработник - предавач по предметот Флејта на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во септември 2009 година Златка Митева е избрана во звање доцент по наставно-научна област *флејта* на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“, каде што и денес работи.

Златка Митева е автор на рецензирана скрипта со наслов „Програмска музика за соло флејта на 20 век“, која ја издаде за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“.

***Критериумите за избор во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:***

Кандидатката треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа следниве:

- Пријава
- Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд (за странска диплома нострафикација и еквиваленција на оценки);
- Уверение за положени испити;
- Кратка биографија;
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Уверение за државјанство.

Преглед на приложени документи на пријавените кандидати:

| Кандидат | Пријава | Диплома за одбранет магистер-ски труд | Уверение за положени испити | Кратка биографија | Потврда за странски јазик | Списокна трудови/ концерти (член 127) | Уверение за државјан-ство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М-р Златка Митева | Има | Има | Има | Има | Има | Има | Има |

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање вонреден професор***

1. Кандидатката Златка Митева е избрана во звање доцент за наставно-научна уметничка област флејта на Факултетот за музичка уметност на 5 септември 2009 година.
2. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите од втор циклус (постдипломски студии ги завршува со просек 9,89).
3. Кандидатката м-р Златка Митева треба да има остварено минимум шест целовечерни концерти.
4. Кандидатката м-р Златка Митева има објавено рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната област и која е објавена во е-библиотеката.со наслов „Програмска музика за соло флејта на 20 век“.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од доставената документација, во периодот по изборот на м-р Златка Митева во претходното звање доцент во мај 2009 година до денес, во признати домашни и странски концертни сали има 10 целовечерни концерти, 2 концертни настапи од 20 минути, 1 настап со камерен групен концерт и 1 настап со оркестар.

***Целовечерен солистички - камерен концерт***

***Во земјава:***

1. 16.5.2014 - Целовечерен камерен концерт со „Трио академико" во НУЦК „Ацо Шопов" - Штип во 19.30 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
2. 14.5.2014 - Целовечерен камерен концерт со „Трио академико" во Уметничка галерија во Велес во 19.30 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
3. 13.5.2014 - Целовечерен камерен концерт со „Трио академико" во Уметничка галерија во Велес во 19.30 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
4. 5.3.2014 - Целовечерен камерен концерт со „Трио академико" во ОМУ „Ристо Јуруков" во Кочани во 19.30 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
5. 14.9.2013 - Целовечерен камерен концерт со „Трио академико" во црквата „Св. Софија" во Охрид во 20 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
6. 14.9.2013 - Целовечерен камерен концерт со Камерно-академско трио – КАТ во црквата „Св. Софија" во Охрид во 21 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
7. 3.7.2013 - Целовечерен камерен концерт со „Трио академико" на Штипско културно лето во УГ „Безистен" во 20 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
8. 28.11.2011 - Концерт на дуо Златка Митева - флејта и Невенка Трајкова - пијано на Музичката академија – концертна сала во 18 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
9. 4.7.2010 - Концерт на дуо Златка Митева - флејта и Невенка Трајкова - пијано на Штипско културно лето во УГ „Безистен" во 21 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6).

***Во странство***:

1. 30/10/2011 Концерт на дуо Златка Митева - флејта и Невенка Трајкова - пијано во сала„Димитар Ненов„ Софија, Бугарија во 18.00 часот (види табела Научно-истражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6).

***Настап на концерт во траење од 20 минути***

***Во земјава:***

1. 17.5.2014 - Концертен настап на 15-тиот Традиционален мајски концерт посветен за проф. Санда Бикова во УГ „Безистен" во 20 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7);
2. 23.12.2011 - Концертен настап на Хуманитарниот новогодишен концерт во НУЦК „Ацо Шопов"во Штип во 20 (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 7).

***Настап на камерен групен концерт/ Одржано предавање по покана на научна институција***

***Во земјава***

1. 14.8.2011 - Концертен настап на промотивна турнеја на ФМУ-Штип во Штип, заеднички настап со проф. д-р Милица Шкариќ, доц. м-р Златка Митева и доц. м-р Ангеле Михајловски во Штип (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 8).

***Настап со дувачки оркестар при УГД - Штип***

14.4.2011 - Концерт со Дувачкиот оркестар на УГД – Штип во НУЦК „Ацо Шопов" во Штип во 13 часот (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 9).

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

- Од 2009 година, м-р Златка Митева е вработена како доцент по флејта на Музичката академија на државниот Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 25).
- Златка Митева од 2007 до 2009 година била вработена како хонорарен стручњак од пракса на Музичката академија на државниот Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 25).
- Митева е автор е на рецензирана скрипта за предавања за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев" со наслов „Програмска музика за соло флејта на 20 век" (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 3).
- Митева е автор на интерна скрипта за предавање за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев" по предметот Флејта со оркестарски делници (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 4).
- Митева е автор е на интерна скрипта за вежби за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев" по предметот Флејта со оркестарски делници (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 5).
- Митева била ментор на 2 дипломски на прв циклус студии на Факултетот за музичка уметност при УГД (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 14).
- Митева била ментор на 1 студент на втор циклус студии на Музичката академија при УГД (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 12).
- Митева била член на комисија за одбрана на 6 дипломски испити на Музичката академија при УГД (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 17).
- Митева била член на комисија за одбрана на 2 магистерски испити на Музичката академија при УГД (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 16).
- Во академската година 2011/2012 г., Митева предава 2 предмети на вторт циклус студии по матичен инструмент на Музичката академија, УГД – Штип (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 27).
- Митева е раководител на студенти на 12 музички манифестации (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 19).

По остварената евалуација согласно со одредбите од Правилникот за евалуација на наставниот процес на академскиот кадар од страна на студентите на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во периодот од 11.6.2014 до 30.6.2014 година **доцент м-р Златка Митева, наставник на Музичката академија, има позитивна оценка од евалуацијата.**

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Златка Митева е редовен член на ННС и на комисиите на Музичката академија во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити (види табела Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност ред. бр. 28).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област *инструмент флејта* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од целокупната наведена активност на кандидатката м-р Златка Митева, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област флејта на Музичката академија, наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

**Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и ја избере кандидатката м-р Златка Митева во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област флејта на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владимир Лазаревски, вонреден професор, претседател, с.р.**
**М-р Гоце Мицанов,вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р.бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Избран во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (целовечерни солистички концерти) | 9 | 3 | 1 | 6 | **33** |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (настап на концерт во траење од 20 минути) | 2 | 2 | | | **4** |
| **8.** | Настап на камерен групен концерт/ Одржано предавање по покана на научна институција | 1 | 2 | | | 2 |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) Концерт во земјава и во странство (во симфониски оркестар) | 1 | 1 | | | 1 |
| **11.** | Одбрана на магистерски труд | | | 1 | 4 | 4 |
| **12.** | Раководител на научен/музички проект | | | 2 | 6 | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **56** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Член на факултетски орган, комисија | 6 | 2 | | | **12** |
| **8.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | | | 2 | 1 | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **14** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **100** |